# П Р О Г Р А М А

**за унапредување и развој на Меѓународната соработка на Универзитетот „Св.Климент Охридски“- Битола (УКЛО)**

**(2007-2011)**

## ВОВЕД

Современите текови во глобалниот високообразовен простор во кој квалитетот на образовната понуда и нејзината реализација се императив и каде што конкурентноста на профилираните кадри има меѓународна димензија бара конкретно консолидирана стратегија во сегментот високо образование и во Република Македонија.

Европската политика за образование, пресликана во општоприфатените стандарди, содржани во Болоњскиот процес и во сите други европски документи што го тангираат високото образование, ја определуваат насоката за развој и на Универзитетот „Св.Климент Охридски“- Битола.

Универзитетот„Св. Климент Охридски“ – Битола (УКЛО), Uниверзитет со средна големина, мултидисциплинарен во својата образовна понуда и специфичен заради својата поставеност и организација, во сите сегменти од сопственото функционирање има цел да го зголеми меѓународното значење со отворање кон европскиот простор и поширокиот светски простор на високото образование. Влегувањето во тој процес на промени што подразбираат премин од национална во меѓународна институција со интегрирање на меѓународните стандарди во наставата, истражувањето и услужните дејности односно холистичкиот аспект на управување, значи определба за повисок квалитет и компетенции на кадрите што се образуваат.

Поаѓајќи од фактот дека досегашното остварување на меѓународната соработка на УКЛО се одвиваше во различни општествено- економски околности и во една стереотипна организациска поставеност, јасно се препознаа повеќе слаби страни во практицирањето на истата. Современиот тренд во развојот на овој значаен сегмент од универзитетската стратегија ја наметна потребата од вградување на нов квалитет во севкупните релации и комуникации на УКЛО како на национален, така и на меѓународен план.

Интернационализацијата како глобален феномен во современото високо образование и наука е реалност и предизвик кој претставува суштествена интегративна компонента во високообразовната и научноистражувачката дејност.

## *Мисија на интернационализацијата*

- Создавање отворен универзитет со меѓународен, мултикултурен амбиент и со препознатлив квалитет во вкупната дејност, подготвен за интеграција во меѓународниот високообразовен простор

## *Цели*

- Воведување меѓународна димензија во сите аспекти на холистичкото управување на УКЛО, обезбедување квалитет на наставнообразовниот процес, стручна едукација на студентите и нивна целосна подготвеност за вклучување

во работни ангажмани во меѓународни рамки и во мултикултурниот глобален простор
- Интегрирање и унапредување на научноистражувачката дејност на универзитетско, национално и меѓународно ниво
- Интегрирање на меѓународната соработка во рамките на УКЛО заради хармонизација на високообразовниот и научниот систем со европскиот односно меѓународниот едукативен простор
- Обезбедување компатибилност со глобалното високо образование и квалитетна мобилност на кадрите и студентите.

## *Политика на интернационализацијата*

Интернационализацијата претставува сложен и долготраен процес на промени којшто во себе вклучува бројни кохерентни и координирани активности во процесот на едукација и управување на централно и на факултетско ниво.

Политиката на интернационализацијата треба да се заснова врз принципот на креирање вредности што ќе се промовираат во меѓународното опкружување и ќе ја зацврснат меѓусебната доверба со партнерските институции со што ќе се проширува кругот на универзитетските партнери.

Политиката на интернационализација се заснова врз принципите на ЕУ политиката, ЕУ програмите и Болоњскиот процес, при што меѓународната оценка за нивна реална примена во сегментите од универзитетското живеење ќе претставува меѓународна референца за Универзитетот.

## *Стратегија за интернационализација*

Стратегијата за интернационализација мора да биде составен дел од севкупната стратегија на Универзитетот. Таа се базира на:
- анализа на сопствената состојба (пр. SWOT анализа),
- мисија (зошто УКЛО тоа го прави),
- визија (каде УКЛО сака да биде по одреден број години), и
- цели (што УКЛО сака да постигне - (долгорочно, краткорочно).

Стратегијата се однесува на изборот на начините како да се постигнат одредени цели во подрачјето на наставата, истражувањето и логистичките функции. За таа цел потребен е оперативен (акциски) план во којшто треба да се одговори на следниве прашања:
- Кои активности се планираат?
- Кога тие започнуваат и завршуваат?
- Кој е одговорен и за што?
- Со колкав буџет се располага за остварување на зацртаните цели?
- Како да се обезбеди квалитет во високото образование?

Одговорите на поставените прашања и програмските цели ќе се реализираат преку:
- Прецизно дефинирање на реално остварливите активности
- Координација на постојнита соработка и иницијативите за нова
- Планирање на потребни финансиски средства (поврзување со министерството)
- Воспоставување билатерална, регионална и мултилатерална соработка, како и реафирмирање на веќе постојните комуникации
- Интензивирање на проектната соработка со учество во меѓународни програми и конкурси

Формите и начините за реализација на меѓународната соработка вклучуваат:

- Потпишување договори за билатерална соработка со странски универзитети,
- Обезбедување членство на Универзитетот во меѓународни универзитетски асоцијации, мрежи, програми за соработка во областа на образованието и научноистражувачката работа;
- Усогласување и утврдување приоритети за активностите на меѓународната соработка и дефинирање на конкретни активности за нивна реализација.

Резултатите од интернационализацијата на УКЛО ќе се манифестираат низ придобивките на крајните корисници (студентите, академските и административните кадри) коишто можат да се остварат со:

- заеднички или двојни студиски програми,
- признавање на периоди на студирање во земјата и странство,
- организирање и учество на меѓународни семинари, конференции, летни школи, стекнување меѓународно искуство, проширување на хоризонтите на менталната матрица и сл.

## *Процес на управување на Универзитетот*

Стратегијата за интернационализација е во директна врска со процесот на холистичко управување на Универзитетот којшто опфаќа:

- анализа на надворешната и внатрешната ситуација
- стратегиски избор (реални цели, ресурси)
- создавање систем/структура за информирање, планирање, организација, и имплементација,
- воспоставување постојан механизам за оцена и следење на постигнатите резултати во меѓународната соработка.

Системот на комуникација на **универзитетско ниво** опфаќа двенасочна хоризонтална и вертикална комуникација меѓу централното (ректорска управа, сенат, администрација), факултетското (деканска управа, наставно-научен совет, администрација) и нивото на отсеци - оддели (раководител, академски кадар, студенти, администрација).

Системот на комуникација на **национално ниво** опфаќа двенасочна вертикална комуникација на Универзитетското ниво со владата/министерството.

Заемното дејство (интеракција) треба да се одвива на следниве нивоа:

- **Централно:** Ректор, проректори, универзитетска канцеларија за МС и др. канцеларии за МС во единиците наУКЛО
- **Централно ниво-ниво на единици на УКЛО:** декан**,** деканска управа, координатори за МС, канцеларии за МС
- **Оддел - отсек:** координатори/професори/ментори на студенти/администратори
- **Студенти.**

За функционирање на меѓународните активности, потребна е добра организација и примена на одредени алатки, како:

- база на податоци
- инфраструктура
- дефинирање на улогата и одговорностите на носителите на процесот
- обезбедување канали за комуникација
- подготовка на каталози за студиски програми (на македонски и на англиски јазик)
- креирање Веб страници
- подготовка на информативни материјали.

Еден од основните предуслови за успешно функционирање на меѓународната соработка на УКЛО е спроведување квалитетна и иновативна политика на управување со **човечките ресурси**. И покрај бројните ограничувачки фактори (постојната структура на административните кадри, неможноста за нови вработувања, недоволното познавање на странски јазици), претпоставка е дека со оптимизација на постоечките ресурси, прецизното познавање на компонентите на интернационализацијата, иницирањето на структурни организациски промени на централно и на ниво на единици на УКЛО, реално е да се очекуваат позитивни поместувања во сегментот на меѓународна соработка.

## *Интернационализација на* УКЛО

Интернационализацијата на Универзитетот се состои од компоненти што произлегуваат од дефиницијата за интернационализација - што претставува интернационализација на УКЛО. За реализација на интернационализацијата потребна е, од една страна, инфраструктура, а од друга - стратегија и политика. Цел на интернационализацијата на УКЛО е создавање на **Меѓународен амбиент - Меѓународен универзитет.** (Диј.1).




*Диј. 1: Интернационализација - компоненти*

Основното прашање коешто се поставува пред УКЛО и единиците на УКЛО е **КАКО** да се реализира и да се постигне целта на интернационализацијата. Од Диј. 1.,потребно е:

а) консензус за дефиницијата на интернационализацијата (директно од неа произлегуваат активностите - компонентите, и

б) одговор - зошто воопшто ја сакаме интернационализацијата, притоа почитувајќи ја постојната ситуација (секој универзитет има своја особеност).

Секако, за остварувањето на поставените цели не е доволен само декларативниот израз на добра волја на централната управа на Универзитетот, туку целосно искористување на човечките ресурси со коишто располага УКЛО.

Многу важно, уште од самиот почеток е, да се направи разлика меѓу интернационализација на единиците на УКЛО (што е одговорност на управата на централно и на ниво на единици на УКЛО) и професионалната координација во меѓународните односи (одговорност на Универзитетската канцеларија за МС).

Бидејќи академскиот кадар не може принудно и во целост да ја прифати интернационализацијата, потребни се бројни дијалози, дискусии, објаснувања, како и поставување на одредени временски рамки во коишто ќе се одвиваат сите зацртани активности.

## *Предлог-План за структуирање и организација на меѓународната соработка на УКЛО*

Со цел да може да се постави, спроведе, успешно реализира и одржи Планот за структуирање и организација на меѓународната соработка на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, ќе се структуираат следниве две организациски целини/структури:

1. **Универзитетска канцеларија за меѓународна соработка(УКМС)**
2. **Канцеларии за меѓународна соработка на ниво на единици.**

Во рамките на овие структури ќе се реализираат следниве активности:

- меѓусебна координација и интеграција
- меѓусебно информирање и комуницирање
- обезбедување квалитет и одржливост на остварените резултати
- воспоставување постојан механизам за оцена на постигнатите резултати во меѓународната соработка.

Со цел да се добие целосна и поконкретна претстава за начинот на организирање и структуирање на меѓународната соработка и за активностите на УКМС, во продолжение истото е прикажано графички и текстуално.

| **Активности од проектна соработка** | **Заеднички активности** | **Активности поврзани со студ. и акад. мобилност** |
|---|---|---|
| • Следење, прибирање и дистрибуирање на информации за разни видови проектни соработки, програми, добивање средства<br>• Помош во изработка на проектни пријави и наоѓање партнери<br>• Следење на добиените проекти, помош во нивната реализација<br>• Сензибилизација за научно-истражувачки проекти, дистрибуција на информации, | • Административно и логистичко следење на Болоњскиот процес и реализација на неговите приоритети<br>• Ажурирање на податоците на Веб страницата за МС<br>• Подготовка и печатење на промотивен материјал за Универзитетот<br>• Организација на работилници, тркалезни маси, научни собири<br>• Активности поврзани со промоција на почесни доктори и професори<br>• Билатерална соработка<br>• Подготовка за учество на ректорската управа на меѓународни манифестации<br>• Кореспонденција/ Протокол | • Континуирано следење на примената на ЕКТС и воведувањето наДодаток кон диплома<br>• Следење, прибирање и дистрибуција на програми за мобилност<br>• Вклучување во програмата Еразмус/Мундус<br>• Подготовка на соодветна документација, договори и сл.;<br>• Прибирање и дистрибуција на информации за влезни и излезни мобилности<br>• Информирање и советување на студ. за можности за користење стипендии<br>• Административни. активн. за сместување, исхрана, соц. заштита |

## *Меѓународна соработка на ниво на единици*

Канцелариите за МС на ниво на единици, во почетокот (лимитирачки фактори), најверојатно ќе бидат само контактни точки за меѓународна соработка што ќе ги опфатат компетентните кадри. Во недостиг на кадри, за почеток може да се користи соработничкиот кадар или во најдобар случај, доколку финансиски е одржливо за самата установа, да се ангажираат надворешни лица.

Според својата структура и активностите, тие би биле тесно поврзани со УКМС, чија обврска ќе биде постојана комуникација и следење на активностите што се од заеднички интерес (информирање на УКМС за сите активности од меѓународен карактер што се одвиваат на ниво на единици). Од ова ниво треба да доаѓаат иницијативи за склучување договори за универзитетска соработка или учество во меѓународни проекти, доколку на ниво на единица и на индивидуално ниво се создадени поволни услови, позитивно искуство и доверба со партнерите.

Интегрираноста на овие канцеларии со УКМС е прикажана на Диј.2.




Диј.2: *Интегрирана структура за меѓународни активности (релации меѓу централното ниво и нивото на единици на УКЛО*

Присуството на научноистражувачките установи на Диј. 2 се должи на фактот што научноистражувачките проекти претставуваат нареден Болоњски приоритет, а исто така се содржани и во Програмата ФП 7. Во оваа смисла, истражувањето станува составен дел од високообразовниот процес, така што единиците во состав на Универзитетот може да имаат придобивки од активностите што ќе се преземаат на централно ниво.

Покрај наведените активности од заеднички интерес на двете нивоа, исклучително значајна компонента на Програмата претставува обезбедувањето квалитет и одржливост на поставените резултати (потребна имплементација од Темпус проекти), како и воспоставувањето постојан механизам за оцена на постигнатите резултати во меѓународната соработка.

Во реализирањето на планираните активности ќе учествуваат расположливите човечки ресурси (академските, административните кадри и студентите). Оптималното користење на постоечките компетенции на човечките ресурси ќе се реализира преку: координирање на активностите, обука и сензибилизацијата на субјектите, отворање можности за нивна професионална надградба (јазични, компјутерски курсеви..), а перспективно, и со ангажирање стручни лица надвор од Универзитетот за подготовка на нови проекти и логистичка поддршка во планираните активности.

**Програмата за развој и унапредување на меѓународната соработка на УКЛО (2008-2011),** претпоставува нејзина реализација во етапи и секако во согласност со актуелноста на активностите. Заради исполнување на планираните обврски, содржани во предметнава Програма, предвидена е подготовка на Оперативен (акциски) план за секоја наредна академска година.

## ОПЕРАТИВЕН (АКЦИСКИ) ПЛАН
## за реализација на активностите од МС на УКЛО
## 2008-2009 година

Имајќи го предвид фактот дека интернационализацијата на Универзитетот е процес во континуитет, активностите во меѓународната соработка мора да се систематизираат и за истите да се утврдат приоритети. Исто така, потребно е планирање на краток рок со номинирање на носителите и реализаторите на поодделни активности.

Заради ефикасно остварување на програмските обврски во периодот 2008/2009 планирана е реализација на следниве активности:

- Подготовка на Програма за унапредување и развој на Меѓународната соработка (МС) на УКЛО (2008-2009 година) - **јуни 2008 година**
  (Одговорни : Работна група за МС )
- Прифаќање на предложената Програма (Ректор, Ректорски колегиум)
- Усвојување на Програмата за МС (Ректорска управа, Универзитетски сенат)
- Во согласност со Програмата за МС на УКЛО ,канцелариите за МС на ниво на единиците во состав на Универзитетот , најдоцна до ноември да изготват свои програми за МС и истите да ги проследат до УКЛО
- Подготовка на база на податоци **- до крајот на 2008 година**
  (Носители: стручни служби во Ректорат и на единиците на УКЛО)
- Утврдување приоритети за МС за тековната година на билатерално и мултилатерално ниво - октомври**2008 година**

(Носители: Ректор, Ректорски колегиум - проректор за МС)

- Планирање на нови билатерални договори и дефинирање активности во рамките на постојните **(јуни 2008 /октомври 2009 година)**
  (Носители: Ректор, Ректорски колегиум - проректор за МС, декани, директори, академски кадри)
- Подготовка на Прашалник за утврдување на состојбите во МС на институционално ниво (установи на УКЛО) – **јуни /октомври 2008 година)**
  (Носители: УКМС, канцеларии за МС во универзитетските единици)
- Воспоставување информатичко-комуникациска мрежа во рамките на УКЛО и на меѓународен план (**јуни 2008/декември 2009 година)**
  (Носители: УКМС, канцеларии за МС во универзитетските единици)
- Подготвување Каталози за студиски програми на УКЛО (на македонски и англиски јазик) – (**јули/декември 2008 година)**
  (Носители: Единиците на УКЛО, УКМС)
- Креирање Веб страници на централно и институционално ниво (**декември 2008 година)**
  (Носители: Стручни служби на УКЛО на централно и на ниво на единиците на УКЛО)
- Следење на Болоњскиот процес од аспект на меѓународните релации - **во текот на академската 2008/2009 година**
  (Одговорни: Ректор, Ректорски колегиум, Ректорска управа, Универзитетски сенат)
- Следење на реализацијата на меѓународната проектна соработка и иницирање на нова во различни програми (Темпус, Еразмус/Мундус (2008/2009), ФП 7 и др.) - **во текот на 2008/2009 академска година**
  (Одговорни: Ректор, Ректорски колегиум, УКМС и канцеларии за МС во универзитетските единици)
- Организирање меѓународен симпозиум (научен собир, тркалезна маса и.сл) на утврдена тема во рамките на одбележувањето на 30 годишниот јубилеј од основањето на УКЛО – **јануари/ноември 2009 година**
  (Носители: Ректорат и поодделни академски кадри од УКЛО)
- Формирање на центар на ниво на УКЛО за учење странски јазици - **октомври 2008/март 2009 година**
  (Реализатори: Ректор, ректорски колегиум – проректор за МС, Ректорска управа,
- Поврзување на МС на УКЛО со релевантни институции на национално ниво - (динамиката да се остварува согласно потребите)
  (Носители: ректор, проректори, декани, УКМС)
- Евалуација на реализираните активности на МС на УКЛО - **декември 2009 година**
  (Носители: Ректорска управа, Комисија за евалуација
- Создавање предуслови за проширување на активностите на УКМС - **февруари/мај 2009 година**
  (Реализатори: Ректор, проректори, УКМС )

## ГАНТОГРАМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД МС НА УКЛО

Во следнава табела е прикажан гантограмот за реализација на активности од МС на УКЛО во периодот 2008/2009 година:

| ОПИС НА АКТИВНОСТИТЕ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 05, 06. 2008 | 06. 2008 | 07. 2008 | 07- 12 2008 | 06 2008 | 06. 08- 09. 09 | 06, 10. 08 | 06- 12. 08 | 07- 09. 08 | 06- 12. 08 | 10.10.08 - 10.10.09 | 10.10.08 - 10.10.09 | 01- 11.09 | 10.08- 01.09 | 12.09 | 02.- 05.09 |
| 1. Подготовка на Програма за унапредување и развој на Меѓународната соработка (МС) на УКЛО (2008-2009 година) | 2м. | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2. Прифаќање на предложената Програма | | 1 м. | | | | | | | | | | | | | | |
| 3. Усвојување на Програмата за МС | | | 1м. | | | | | | | | | | | | | |
| 4. Подготовка на база на податоци | | | | 5 м. | | | | | | | | | | | | |
| 5. Утврдување приоритети за МС за тековната година на билатерално и мултилатерално ниво | | | | | 1 м | | . | | | | | | | | | |
| 6. Планирање на нови билатерални договори и | | | | | | 15 м | | | . | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дефинирање активности во рамките на постојните | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7. Подготовка на Прашалник за утврдување на состојбите во МС на институционално ниво (установи на УКЛО) | | | | | | | 4 м. | | | | | | | | | |
| 8. Воспоставување информатичко-комуникациска мрежа во рамките на УКЛО и на меѓународен план | | | | | | | | 6 м. | | | | | | | | |
| 9. Подготвување Каталози за студиски програми на УКЛО (на македонски и англиски јазик) | | | | | | | | | 3 м | | | . | | | | |
| 10. Креирање Веб страници на централно и институционално ниво | | | | | | | | | | 4 м. | | | | | | |
| 11. Следење на Болоњскиот процес од аспект на меѓународните релации | | | | | | | | | | | 12 м | | | | | |
| 12. Следење на реализацијата на меѓународната проектна соработка | | | | | | | | | | | | 12 м. | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| и иницирање на нова во различни програми (Темпус, Еразмус/Мундус (2008/2009), ФП 7 и др.) | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 13.Организирање меѓународен симпозиум (30 год. УКЛО) | | | | | | | | | | | | | | 10 м. | | | |
| 14. Развој на структура на УКЛО за учење странски јазици | | | | | | | | | | | | | | | 5 м. | | |
| 15. Вертикално поврзување на меѓународната соработка на УКЛО со релевантни институции на национално ниво | Во согласност со потребите | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 16. Евалуација на реализираните активности на МС на УКЛО | | | | | | | | | | | | | | | | 12 м. | |
| 17. Создавање предуслови за проширување на активностите на УКМС | | | | | | | | | | | | | | | | | 4 м. |

Претседател на Работна група за МС на УКЛО

Ред. проф.д-р Кристи Бомбол